7-juli '99, 1, 9

Скопје

ОД ДЕНЕС ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# Алтернативно приоѓање кон науките за човекот

Од денес до 14-ти овој месец во Музејот на современа уметност ќе се одржат предавања и семинари од студискиот дел на проектот „Корени и ризоми“. Овој проект е во рамките на програмата за истражување и едукација на современата уметност, што ја оргнизира Центарот за современа уметност во соработка со СОРОС центрите на современа уметност со седиште во Амстердам. Целта на овој проект е учесниците да ги научат основните работи во историјата и современата уметност, а во исто време да им се овозможи да ја најдат сопствената позиција и самостојниот пристап кон современата, националнa, ликовна, културна и духовна вредност на македонскиот простор.

Во овој проект може да учествуваат ученици од завршните класови на средните училишта и апсолвенти од факултетите чија професионалана ориентација е во полето на историјата, уметноста и архитектурата. Овој избор кој се стеснува на кандидати пред почнување или по завршување на студиите е затоа што со проектот се „пополнува“ нешто што недостига во самите студии, а тоа е алтернативното приоѓање кон науките за човекот. Имено, целта е да се насочи идниот архитект, историчар и теоретичар на уметноста да ја надмине сложеноста на светот во кој живее и да дојде до сопствена позиција од која ќе го толкува тој свет.

Предавањата ќе се одржат во два дела. Првиот дел од проектот стартува денес, и предавачи се: Бојан Иванов, Зоран Петровски, Ана Димишковска и Ферид Мухиќ. Вториот термин е од 20 до 26 септември. И. Д.